# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА ИНВАЛИДНИ ЛИЦА

**Сл. Весник на Р. Македонија, бр.136 од 03.10.2011 година**

**Член 1**

Во Законот за вработување на инвалидни лица („Службен весник на Република Македонија" број 44/2000, 16/2004, 62/2005, 113/2005, 29/2007, 88/2008, 161/2008 и 99/2009), во членот 16 ставот 5 се менува и гласи:

"Управниот одбор на Агенцијата за вработување на Република Македонија донесува решение за доделување на средствата од Посебниот фонд на секои 90 дена."

По ставот 5 се додаваат 17 нови става 6, 7, 8, 9, 10, 11, 12, 13, 14, 15, 16, 17, 18, 19, 20, 21 и 22, кои гласат:

„Доколку Управниот одбор на Агенцијата за вработување на Република Македонија не донесе решение за доделување на средства од Посебниот фонд во рокот од ставот 5 на овој член, подносителот на барањето има право во рок од три работни дена од истекот на тој рок да поднесе барање до писарницата на претседателот на Управниот одбор на Агенцијата за вработување на Република Македонија за донесување на решение по поднесеното барање.

Формата и содржината на барањето од ставот 6 на овој член ги пропишува министерот за труд и социјална политика.

Кон барањето за донесување на решение за доделување на средства од Посебниот фонд подносителот на барањето доставува и копија од барањето од ставовите 1, 2, 3 или 4 на овој член.

Претседателот на Управниот одбор на Агенцијата за вработување на Република Македонија е должен во рок од пет работни дена од денот на приемот на барањето од ставот 6 на овој член до писарницата на Агенцијата за вработување на Република Македонија да донесе решение со кое барањето за доделување на средства од Посебниот фонд е уважено или одбиено.

Доколку претседателот на Управниот одбор на Агенцијата за вработување на Република Македонија не донесе решение во рокот од ставот 9 на овој член, подносителот на барањето може да го извести Државниот управен инспекторат во рок од пет работни дена.

Државниот управен испекторат е должен во рок од десет дена од денот на приемот на известувањето од ставот 10 на овој член да изврши надзор во Управниот одбор на Агенцијата за вработување на Република Македонија дали е спроведена постапката согласно со закон и во рок од три работни дена од денот на извршениот надзор да го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

Инспекторот од Државниот управен инспекторат по извршениот надзор согласно со закон донесува решение со кое го задолжува претседателот на Управниот одбор на Агенцијата за вработување на Република Македонија во рок од десет дена да одлучи по поднесеното барање, односно да го уважи или одбие барањето и да го извести инспекторот за донесениот акт. Кон известувањето се доставува копија од актот со кој одлучил по поднесеното барање.

Доколку претседателот и члeновите на Управниот одбор на Агенцијата за вработување на Република Македонија не одлучат во рокот од ставот 12 на овој член, инспекторот ќе поднесе барање за поведување на прекршочна постапка за прекршок утврден во Законот за управната инспекција и ќе определи дополнителен рок од пет работни дена во кој претседателот на Управниот одбор на Агенцијата за вработување на Република Македонија ќе одлучи по поднесеното барање за што во истиот рок ќе го извести инспекторот за

донесениот акт. Кон известувањето се доставува копија од актот со кој одлучил по поднесеното барање. Инспекторот во рок од три работни дена ќе го информира подносителот на барањето за преземените мерки.
Доколку претседателот на Управниот одбор на Агенцијата за вработување на Република Македонија не одлучи и во дополнителниот рок од ставот 13 на овој член, испекторот во рок од три работни дена ќе поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител и во тој рок ќе го информира подносителот на барањето за преземените мерки.
Доколку инспекторот не постапи по известувањето од ставот 12 на овој член, подносителот на барањето во рок од пет работни дена има право да поднесе приговор до писарницата на директорот на Државниот управен инспекторат. Доколку директорот нема писарница, барањето се поднесува во писарницата на седиштето на Државниот управен инспекторат.
Директорот на Државниот управен инспекторат е должен во рок од три работни дена да го разгледа приговорот од ставот 15 на овој член и доколку утврди дека инспекторот не постапил по известувањето од подносителот на барањето од ставовите 11 и 12 и/или не поднесе пријава согласно со ставовите 13 и 14 на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат ќе поднесе барање за поведување на прекршочна постапка за прекршок утврден во Законот за управната инспекција за инспекторот и ќе определи дополнителен рок од пет работни дена во кој инспекторот ќе изврши надзор во Управниот одбор на Агенцијата за вработување на Република Македонија дали е спроведена постапката согласно со закон и во рок од три работни дена од денот на извршениот надзор да го информира подносителот на барањето за преземените мерки.
Доколку инспекторот не постапи и во дополнителниот рок од ставот 16 на овој член директорот на Државниот управен инспекторат ќе поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител против инспекторот и во рок од три работни дена ќе го информира подносителот на барањето за преземените мерки.
Во случајот од ставот 17 на овој член директорот на Државниот управен инспекторат веднаш, а најдоцна во рок од еден работен ден, ќе овласти друг испектор да го спроведе надзорот веднаш.
Во случајот од ставот 18 на овој член директорот на Државниот управен инспекторат во рок од три работни дена ќе го информира подносителот на барањето.
Доколку директорот на Државниот управен инспекторат не постапи согласно со ставот 18 на овој член, подносителот на барањето може да поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител во рок од осум работни дена.
Доколку претседателот на Управниот одбор на Агенцијата за вработување на Република Македонија не одлучи во рокот од ставот 14 на овој член, подносителот на барањето може да поведе управен спор пред надлежниот суд.
Постапката пред Управниот суд е итна."
Ставовите 6 и 7 стануваат ставови 23 и 24.

**Член 2**

Подзаконскиот акт од членот 1 став 7 од овој закон ќе се донесе во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.
По донесувањето на подзаконскиот акт од ставот 1 на овој член истиот веднаш, а најдоцна во рок од 24 часа се објавува на веб страницата на Министерството за труд и социјална политика.

**Член 3**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".